Проектот е финансиран од Европската Унија

РЕДОВНО НА ЧАСОВИ
Акција за вклучување на Ромите во основното образование

# КОНКУРС ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ РОМИ ЗАПИШАНИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2020/2021 ГОДИНА

Во рамки на проектот **Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование**, Фондацијата Отворено општество – Македонија заедно со своите партнери Здружението Центар за образовна поддршка Дендо вас и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор објавува конкурс за стипендирање на 333 ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2020/2021 година. Целта на овие стипендии е преку намалување на финансискиот товар на најранливите ромски семејства поврзан со школувањето на нивните деца да се обезбеди поголема вклученост на Ромите во основното образование, редовна посета на наставата и успешен премин во следните одделенија. Средствата за проектот и стипендиите се обезбедени од **Европската Унија**.

## Основни информации за стипендијата

- Стипендијата се однесува на период од една учебна година (10 месеци) и е наменета за покривање на трошоците за школување на децата, храна, облека, училиштен прибор/материјал, спортска и друга опрема за воннаставните активности на децата. Висината на стипендијата изнесува 400 евра годишно, во денарска противвредност. Стипендијата ќе се исплаќа на трансакциска сметка на мајката, таткото или на старателот/старателката.
- Задржувањето на стипендијата во тековната 2020/2021 учебна година, како и обновувањето на стипендијата за следната учебна година 2021/2022 ќе зависи од редовноста на ученикот на наставата, како и од успешниот премин во следното одделение.

## Можност за пријавување на конкурсот имаат:

- Ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2020/2021 година;
- Ученици чии семејства се примatели на гарантирана минимална помош;
- Ученици кои не се корисници на друга стипендија обезбедена со финансиски средства на Европската Унија.

## Потребни документи за пријавување

- Пријава за стипендирање на ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2020/2021 година.
- Оригинална потврда од училиште за редовен ученик во прво одделение запишан во учебната 2020/2021 година. Потврдата мора да има потпис и печат од училиштето.
- Оригинална потврда од Центар за социјална работа за користење на гарантирана минимална помош, не постара од 6 месеци.

ФОНДАЦИЈА ЗА ОБРАЗОВНИ И КУЛТУРНИ ИНИЦИЈАТИВИ
FOUNDATION FOR EDUCATION AND CULTURAL INITIATIVES

**Критериуми за стипендирање**

Основни критериуми за стипендирање се:

- ученици Роми запишани во прво одделение во учебната 2020/2021 година;
- нивното семејство да е корисник на гарантирана минимална помош.

Во случај повеќе од 333 кандидати да ги исполнуваат основните критериуми за стипендирање, предност ќе биде дадена на учениците Роми:

- кои доаѓаат од семејства со еден родител;
- кои доаѓаат од многудетни семејства;
- чии семејства вклучуваат лица со било каков вид на попреченост;
- предност ќе се даде на ученичките – минимум 60% од стипендиите ќе бидат доделени на девојчиња;
- доколку е неопходно проектот ќе утврди дополнителни критериуми за селекција на кандидатите.

Во случај да се неопходни дополнителни документи за потврда на веродостојноста на податоците наведени во пријавата истите ќе бидат побарани.

**Семејствата на кандидатите кои ќе добијат стипендија не го губат правото на гарантираната минимална помош согласно член 4 од „Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош...” (Службен весник на РСМ, бр. 109 од 28.5.2019 година): При остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош, како приход не се смета стипендијата**.

**Краен рок за пријавување е 15 септември (вторник) 2020 година.**

**Пријавите се доставуваат:**

- по пошта на адреса на **Фондација Отворено општество – Македонија: Бул. Јане Сандански 111, п.фах 378, 1000 Скопје** или
- лично во **училиштето во кое е запишано детето.**

За пријавите испратени по пошта како време на поднесување ќе се смета времето на доставување на пријавата/пратката во пошта. За резултатите од конкурсот кандидатите ќе бидат известени по пошта.

Пријавата за конкурсот можете да ја најдете во вашето училиште, Фондацијата Отворено општество - Македонија и во Центарот за образовна поддршка Дендо вас (ул. Плачковица 51, Шуто Оризари, Скопје).

Дополнителни информации за конкурсот можете да добиете:
- телефонски на 02/2477 107; 071/232 861; 070/309 373
- на и-мејл redovnonacasovi@fosm.mk

РЕДОВНО НА ЧАСОВИ
Акција за вклучување на Ромите во основното образование